Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Скопје

[redacted]

ИП1 бр.15-33
09.03.2023г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел: 075 404 410
Е-пошта: d.blinkov@sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Генералниот инспектор за животна средина Дарко Блинков од Скопје со службена легитимација бр. 06-0010, врз основа на член 200 од Законот за животната средина ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022) и член 33 од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Сл.весник на РСМ бр.89/2022"), по извршениот контролен инспекциски надзор на ден 06.03.2023 година во деловното седиште на правниот субјект Јавно Сообраќајно Претпријатие-ЈСП СКОПЈЕ на Бул.Александар Македонски бр.10, Скопје Гази Баба, застапуван од в.д директорот Александар Стојковски, а заради отстранување на недостатоците утврдени во Записникот за констатација ИП1 бр.15-33 од 02.02.2023г. и утврдените рокови во Решение ИП1 бр.15-33 од 02.02.2023 година донесе:

## РЕШЕНИЕ

1) Се наредува на правниот субјект Јавно Сообраќајно Претпријатие-ЈСП СКОПЈЕ со седиште на Александар Македонски бр.10, Скопје Гази Баба, застапуван од в.д директорот Александар Стојковски во дополнителен рок да ги отстрани недостатоците утврдени со Записникот за констатација ИП1 бр.15-33 од 02.02.2023 година при што:
   -Да изврши мерење на емисија на гасови од котларите во Гаража Автокоманда и Гаража Ѓорче Петров со акредитирана лабораторија за животна средина и Извештаите од мерењата да ги достави до надлежниот инспектор за животна средина.
   **РОК за реализирање на задолжението: 20 денови од приемот на решението.**
2) По извршените мерења и добиените резултати да отпочне да води дневник за истите согласно ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЕМИСИИТЕ ВО АМБИЕНТИОТ ВОЗДУХ ОД СТАЦИОНАРНИ ИЗВОРИ, НАЧИНОТ И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА ДОСТАВУВАЊЕ СОГЛАСНО КАПАЦИТЕТОТ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ДНЕВНИКОТ НА ЕМИСИИ ВО АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ("Службен весник на РМ" бр.79/2011) и да постапува согласно обврските од истиот.

Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Скопје

[redacted]

**РОК за реализирање на задолжението: 15 денови од добивање на резултатите од мерењата од задолжението од точка 1).**

3) Доколку Државниот инспектор за животна средина согласно член 200 став (4) од Законот за животната средина утврди дека не се постапува согласно Решението и не се отстранат причините настанати со донесувањето на решението, државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот орган или суд, односно кривична постапка пред надлежен орган или суд, како и ќе отпочне постапка за одземање на добиените дозволи и овластувања.

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел: 075 404 410
Е-пошта: d.blinkov@sei.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 06.03.2023 година, Генерален инспектор за животна средина Дарко Блинков со лиценца бр. А060120016 и Виш Инспектор за животна средина Пејо Кировски, Раководител на Одделението за инспекциски надзор во животната средина-Скопски регион, извршија контролен инспекциски надзор во правниот субјект Јавно Сообраќајно Претпријатие-ЈСП СКОПЈЕ со седиште на Александар Македонски бр.10, Скопје Гази Баба заради проверка дали е постапено по задолженијата од Решение ИП1 бр.15-33 од 02.02.2023 година. Од страна на одговорното лице е доставен допис бр.14-255/1 од 03.03.2023 година со Молба за пролонгирање на рокот за отстранување на недостатоците утврдени при вонреден инспекциски надзор заради промена на витален дел за палење на мазутот кој како енерегенс се користи во котелот во автобазата во Автокоманда, а добиени се три понуди за вршење мерења од акредитирани лаборатории за животна средина на емисии во воздухот од двете котлари во автобазите Автокоманда и Ѓорче Петров.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-33 од 09.03.2023 година.

Доставено до :
- Архива
- ЈСП Скопје

**ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

**Дарко БЛИНКОВ**

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Број: ИП1 - 15 -33 Датум: 02.05.2023

Врз основа на член 212-г од Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/2022 и 171/2022), Државниот инспекторат за животна средина преку Генералниот инспектор за животна средина Дарко Блинков на ден 02.05.2023 год. состави:

## ЗАПИСНИК ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА СПОГОДУВАЊЕ

На ден 31.01.2023 година во седиштето на правниот субјект ЈСП Скопје (Гаража Автокоманда) извршен е вонреден инспекциски надзор врз основа на пристигнатата писмена претставка при што со Записник за констатација бр.ИП 15-33 од 02.02.2023 година се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор. Со Решение бр.ИП1 бр.15-33 од 02.02.2023 година правниот субјект е задолжен да ги отстрани истите. На ден 06.03.2023 година е извршен контролен инспекциски надзор за да се тврди дали е постапено по претходното решение. При надзорот е доставено барање за пролонгирање на рокот за реализација, по што е изготвено ново Решение бр.ИП1 бр.15-33 од 09.03.2023 година со кој е даден дополнителен рок за отстранување на неправилностите. Со Записник за констатација бр. ИП1-15-33 од 28.04.2023 година при контролен инспекциски надзор е утврдено дека од страна на правниот субјект не е постапено по задолженијата од претходно наведеното решение со што е сторена повреда на законските одредби од Законот за животната средина и тоа член 212-е став (1) точка 18.

Со потпишување на овој записник сторителот се согласува за поведување на постапка за спогодување согласно член 212-г од Законот за животна средина.

Во случај кога записникот се доставува по пошта, а сторителот не се согласува да се започне постапка за спогодување е должен во рок од два дена од денот на приемот на записникот за тоа да го извести Генералниот инспектор за животна средина Дарко Блинков контакт: 075 404 410 на адреса Државен инспекторат за животна средина Канцеларија Скопје на ул. Бихаќка бр. 2 Палата Емануел Чучков, 5ти кат.

**Напомена:**

Државниот инспектор за животна средина е должен да покрене постапка за спогодување до Комисијата за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 8 дена од денот на составувањето на овој записник. Сторителот на прекршокот е должен да присуствува на седницата на комисијата за спогодување.

Претставник на сторителот на прекршокот

______________________________

Генерален инспектор за животна средина

______________________________

Дарко Блинков

Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Скопје Shkup INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR Republika e Maqedonisë së Veriut